Осврт

# Строго и лирско

Tweet
Like 0 Share
15 март 2009 - 17:40

(Кон омаж изложбата на Танас Луловски во Културно-информативниот центар во Скопје)



Чинот на преобразба на фактот и предметот во некоја друга подигната уметничка стварност се појавува како суштествен аспект на вистинското творештво. Таков редок пример наоѓаме во творештвото на Танас Луловски (1940-2006) претставено на малиот ретроспективен преглед на неговите слики и цртежи создадени во седумдесеттите и осумдесеттите години на 20 век. Во неговите дела евидентен е интересот за апстрактно-асоцијативното сликарство со пејзажни асоцијации како и талентот баналниот предмет и отпадокот од непосредното опкружување да му послужат како основа за подигната лирска преобразба на мотивот. Прецизниот цртеж на веристичката илузионистичка изведба, посебно улогата на "слободните" сенки, ракурсите и сугестивното бело поле на хартијата и платното го создаваат необичниот ефект на онеобичување на предметната

стварност и нејзиното преобразување во благата светлина на една поетска надреалност. Луловски, покрај "фактите" од неговата животна околина (еден сув цвет, глуварче или инсект, отпушок од цигара) со целосна предаденост ги исцртуваше и испишуваше документите од своето животно секојдневие (лекарски рецепт, опомена пред тужба) посебно автобиографските бележења подложувајќи ги на концептуален ред и рекомонирање што значи естетска дистанцираност и суптилна морална и социјална сугестија претставена на друго рамниште на сликовна реалност и надраснување на суровиот податок.

На овие дела од втората половина на седумдесеттите години им претходи серија на асоцијативна апстракција (во постакадемскиот период во Букурешт) во која суптилниот колорит е организиран во стегнати "слободни" композиции и имагинарни предели. Во друга серија поголеми платна (грундирани или негрундирани) Луловски ја негувал хоризонталната линија и "нотните" знаци на природата кои даваат суптилни сугестии на еден отворен простор втопен во една сеопфатна белина. Темата "меѓи" имала посебно значење за уметникот.

Потоа следи циклус платна со нагласен рационално артикулиран интерес за илузионистичкиот веристички приод и проблематизирање на прашањата за предметноста и аиконичноста на сликата, за рамката што ја дефинира "сликата" со самото затегнување на платното на блинд рамот. Сеќавањето на неговото детство добива посебна содржина на темата "игри" од неговото детство во Егејска Македонија, но веќе заборавени во новото урбано опкружување. Предметната стварност составена од дрвциња, камчиња и канапчиња геометриски е организирана и повторно е повод за создавање чист простор за нова ликовна "приказна" притаен немир со веристичка обработка на деталите и иреализам во општиот ефект, на цртежот.

Меланхолијата и резигнираноста нашле впечатлив израз на уверливото претставување на уметниковите сандали во левиот агол на сликата-празнина што не може да ве остави рамнодушен. Неговите автопортрети се единствени според прецизноста на цртежот и психолошките повеќезначни елементи што ги содржат. Потписот на уметникот е суптилен дел од сликата - само "Тане" и скратено годината кога е направена сликата или цртежот.

Луловски почина во 2006 година и по тој повод немаше речиси никаква реакција (како и монографскиот труд објавен во МСУ, Скоје во истата година). Можеби во таквиот однос се крие некаква таинствена поврзаност со животната филозофија на Луловски за значењето на нештата во животот. Неговото дело, кое е малубројно расеано, оштетено од влага и незаштитено со своите ретки вредности (се споредува со она на Д.Перчинков) опстојува во времето и нашиот културен и уметнички простор.

Изложбата на слики и цртежи од Танас Луловски-Тане, со својата "јапонска" едноставност и чистота делува како тивка оаза во нашето тегобно урбано опкружување.

***Владимир Величковски***



Like Share Sign Up to see what your friends like.
веста е прочитана 1 пати

# Поврзани